**СДСМ**
**И КОАЛИЦИЈАТА**

# 5

# БОРЧЕ ГИЕВСКИ

## за Зелениково

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„Ве повикувам заедно да се соочиме со проблемите, да ги славиме успесите и празниците, заедно да им се радуваме на домот, децата, семејството и да се гордееме со нашата општина Зелениково“

**Почитувани сограѓани,**

Нашата изборна програма произлезе непосредно од средбите со вас, каде што беа потенцирани вашите гледишта и ставови за проблемите и потребите што ги имате секојдневно. Се обидовме сето тоа да го напишеме во неколку реда и да ја побараме вашата доверба за што побрза реализација на проекти во Општина Зелениково за период 2025 - 2029 година.

Искрено се надевам дека вашите потреби и проблеми ќе ги препознаете во секој од понудените проекти со ваша поддршка заедно да ја направиме Општина Зелениково подобро место за живеење.

Тоа што знаеме и мораме да го направиме е следново:

1. Ќе го подобриме водоснабдувањето, кое е запоставено во изминатите четири години.

   Да ги снабдиме навреме и без прекини со чиста вода за пиење сите населени места до секој дом до секоја чешма.
2. Решавање на проблемот со фекална канализација во населените места каде што нема, и субвенционирано чистење на септичките јами до изградбата на канализација.
3. Канта за ѓубре за секое домаќинство, контејнер за ѓубре за секое правно лице, континуирано организирање и собирање на сметот од страна на ЈКП Зелениково.
4. Имајќи ја предвид местоположбата на Општина Зелениково и тенденцијата на проширување на главниот град Скопје, навремено треба да се планира просторот и соодветно урбанизира со урбанистички планови за секое село за живеење и работа.
5. Просторното и урбанистичко планирање треба да ги даде основите за локалниот економски развој и навремена поддршка на малото и средното стопанство.
6. Во образованието како процес ќе овозможам услови за образование на секое дете без разлика на полот, религија, етничката како и на здравствена, финансиска и социјална состојба. Бесплатни курсеви за странски јазици и информатика за лица на кој му е потребно.
7. Поттикнување и развој со субвенционирање на спортот, спортските активности, турнири и создавање услови за рекреативни и забавни активности на граѓаните и љубителите на природата.
8. Заштита на културното и археолошко наследство, како и на верските објекти со почитување и негување на верските традиции и обичаи и соработка со верските заедници.

Сите желби и ветувања за подобрување и унапредување на функционирањето на општината, како и услугите што треба да им се дадат на граѓаните ќе остане празно ветување ако нема домаќинско и рационално управување со имотот и средствата на Општината, како и транспарентно и одговорно работење со сите проекти што ќе ги работиме.

Почитувани сограѓани,

Ве повикувам заедно да се соочиме со проблемите, да ги славиме успесите и празниците, заедно да им се радуваме на домот, децата, семејството и да се гордееме со нашата Општина Зелениково,

Гласајте за градоначалник Борче Гиевски!

Ви благодарам од срце!

Со почит и благодарност,

**Борче Гиевски**

Кандидат за градоначалник на Општина Зелениково

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Зелениково

Ние сме кандидати за Советот на Општина Зелениково и се обраќаме директно до вас – нашите соседи, сограѓани. Веруваме дека Општина Зелениково треба да биде пристојно место за живеење за сите граѓани. Заедно можеме да обезбедиме побезбедни улици, поддршка за малите бизниси и почиста околина во која живееме. Не ветуваме чуда – ветуваме работа, чесност и транспарентност. Со вашата поддршка, ќе го донесеме и ќе го кренеме гласот на граѓаните во Советот на Општина Зелениково.
Мислиме, креираме, организираме, се грижиме, извршуваме,
За вас,
Заеднички за подобра
Општина Зелениково!

1. Ивана Ѓорѓиевска, р. 1995, дипломиран економист, СДСМ
2. Теодора Неделковска, р. 2000, техничар за транспорт и шпедиција, НСДП
3. Ивица Симоновска, р. 1985, машински техничар, СДСМ
4. Марјан Тошевски, р. 1990, ветеринарен техничар, СДСМ
5. Тамара Миташевска, р. 2003, ССС - готвач, СДСМ
6. Сарафим Ѓеорѓиевски, р. 1971, Филозофски факултет, СДСМ
7. Оливер Ѓурич, р. 1984, електротехничар, СДСМ
8. Сања Милевска, р. 1995, техничар за транспорт и шпедиција, СДСМ
9. Даниела Николовска, р. 1986, ССС - готвач, СДСМ

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



## Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Целосна реконструкција на регионален пат Драчево - Орешани - Таор, 9 км.
- Изграден локален пат Таор - Катланово, 5 км.
- Реконструкција на регионален пат Орешани- Зелениково, 3 км
- Реконструкција на локален пат Железничка станица - Зелениково - Страхојадица.
- Реконструкција на улица од училиштето до црквата „Св. Ѓорѓија", 350 м.
- Доизграден локален пат до Градовци, 1100 м.
- Изграден пристапен пат до археолошки локалитет Јустинијан Први.
- Изграден локален пат до викенд-населба во Орешани, 1100 м.
- Изградена локална улица од Орешани - Индустриска зона, 500м.
- Изградена пешачка патека од Зелениково до старски дом Панда-1000 м.
- Изградена пешачка патека од Орешани до граница со Општина Петровец, 2 км.
- Изградена пешачка патека до археолошки локалитет Јустинијан први, 400 м.
- Целосно е реконструирана зградата на Општина Зелениково и поставена ограда на дворот од ковано железо.
- Набавен е скип-ровокопач.
- Изградена е фекална канализација во м.в. Капина во Зелениково, 300 м.
- Целосно реновирана детска градинка.
- Изградба на фекална канализација за Страхојадица.
- Регулација на речното корито на реката Симоница.
- Изградба на водовод за Смесница.
- Поставени нови линии за улично осветлување 3750 м.
- Изградена ограда на дворно место на училиште во станица Зелениково и Орешани.
- Изградено ново улично осветлување со ЛЕД-светилки,
  - Орешани - Таор - Петровец 2 км
  - Орешани - Зелениково 2 км
  - Смесница - Зелениково 400 м

- Промена на систем за греење од нафта на пелети во ЦОУ во Зелениково и ПОУ во Орешани, како и промена на врати и прозорци во ЦОУ во Зелениково и ПОУ во Страхојадица и Орешани.
- Изградени детски игралишта во 6 населени места.
- Изработени проекти за локални улици, Пакошево - Таор, Смесница - Гумалево и за многу други локални улици.
- Изработени проекти за фекална канализација за Страхојадица, викенд-населба Орешани, Индустриска зона.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Ветени, а нереализирани проекти во програмата за настап на Локални избори 2021 година со која ја доби довербата на граѓаните на Општина Зелениково на актуелниот градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ Коста Маневски:
- Ветено е асфалтирање на локален пат од Смесница до Гумалево - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветено е решавање на проблемот со водоснабдување во Смесница, Вражале и Градовци -НЕРАЛИЗИРАНО!
- Ветена е реконструкција со проширување на локален пат Орешани, станица Зелениково со изградба на велосипедска и пешачка патека - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е инсталација на фекална канализација во Орешани и Јане Сандански -НЕРАЛИЗИРАНО!
- Ветено е решавање на проблемот со атмосферските води - НЕРАЛИЗИРАНО!
- Ветено е целосно уредување на коритото на реката Симоничка со изградба на пешачка патека и содржини за забава и рекреација. Коритото е уредено само 200 м - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветени се забавни паркови во сите населени места со содржини за деца, млади возрасни и пензионери - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е библиотека со дигитална читалница - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е изградба на монтажни екоканцеларии - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е изградба на етносело Градовци - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е изградба на пешачка патека до м.в. Карпа во Пакошево - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е фитнес-зона со справи наменети за користење на отворено - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветени се паметни клупи што работат на соларна енергија - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветен е фонд за стипендии и награди за талентирани ученици - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветено е расчистување на сите диви депонии - НЕРЕАЛИЗИРАНО!

- Ветени се сет мерки за подобра земјоделска организираност - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветен е туристички аранжман за секое дете од социјално загрозени семејства - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е изградба на младински културни центри - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветено е пуштање на автобуска линија 67А до Клинички центар - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е изградба на спортска сала - НЕРЕАЛИЗИРАНО!
- Ветена е изградба на плоштад „Јустинијан Први" кај локалитетот Градиште во с. Таор - НЕРЕАЛИЗИРАНО!



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Затоа што гледам дека општината застана токму таму каде што ја оставив кога мојот мандат заврши. Она што денес се претставува како успеси, се всушност моите започнати проекти – тие беа само довршени. Но нови идеи, нова енергија, нов развој – тоа, за жал, го немаше. И затоа верувам дека Зелениково изгуби драгоцено време.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Веќе еднаш покажав дека со работа, чесност и вистински планови можеме да ја придвижиме општината напред. Сега повторно ја барам вашата доверба, затоа

што имам искуство, знам што треба да се направи и имам визија како Општина Зелениково конечно да тргне напред наместо да стои в место. Нашата општина заслужува динамика, развој и иднина – а тоа можеме да го направиме само заедно.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти? Колку се важни младите за нашата општина?**

За млади брачни парови преку општината ќе доделиме бесплатни градежни парцели ослободени од комуналии каде што ќе можат да си изградат свој дом. Субвенции од 500 евра за секое новороденче. Бесплатна обука и образование за деца и млади за странски јазици и информатички вештини. Буџет за млади, каде што Општината ќе издвои 1 % за Законот за младинско учество и младински политики. Субвенции за електронски уреди за ученици од основното и средното образование што се жители на Општина Зелениково. Формирање Локален младински сове - за младите да се вклучат во процесот на креирање политики за донесување одлуки. Поддршка за млади таленти од областа на културата, уметноста, музиката, спортот и други области. Поддршка во организирањето спортски, културни и други манифестации во насока на промовирањето на општината и ред други активности и проекти во интерес на младите.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Имајќи ја предвид местоположбата на Општина Зелениково и тенденцијата на проширување на главниот град Скопје, навремено треба да се планира просторот и соодветно да се урбанизира со урбанистички планови за секое село за живеење и работа. Просторното и урбанистичко планирање треба да ги даде основите за локалниот економски развој и навремена поддршка на малото и средното стопанство.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Општина Зелениково мора да биде општина на чист воздух, здрава вода за пиење, со многу зеленило, со организирано собирање и селекција на отпад и без диви депонии. Јас искрено верувам дека можеме да го постигнеме сето тоа, оти е во интерес на сите нас.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Сите желби и ветувања за подобрување и унапредување на функционирањето на општината како и услугите што треба да им се дадат на граѓаните ќе остане празно ветување ако нема домаќинско и рационално управување со имотот и средствата на Општината, како и транспарентно и одговорно работење со сите проекти што ќе ги работиме. Имаме потенцијал и потребни капацитети за модерна и перспективна општина во служба на граѓаните.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Имаме визија во Општина Зелениково да имаме среќни, ведри и позитивни граѓани. Посебен акцент во нашата програма ставаме на младите луѓе, со цел својата иднина да ја препознаат во Општина Зелениково.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Нашата изборна програма произлезе непосредно од средбите со граѓаните, каде што беа потенцирани нивните гледишта и ставови за проблемите и потребите што ги имаат секојдневно. Да ги ставиме на виделина сите потенцијали на Зелениково и да изградиме урбана општина со современа инфраструктура, чиста животна средина, образовно и културно развиена и со еднакви можности за сите. Ќе вложуваме во реконструкција на патишта, во нови водоводни и канализациски системи, подобро осветлување и уредување на јавните простори,пречистителни станици. Ќе отвориме повеќе можности за младите училишта со современи услови, спортски игралишта и културни центри. Земјоделците и локалните бизниси ќе добијат реална поддршка, затоа што тие се двигателот



на нашата економија. Ќе го развиваме туризмот затоа што Општината има потенцијал за повеќе видови туризам - адреналински, ловен, риболовен, спортско-рекреативен, културно-историски, екотуризам, ќе направиме спој на природното и урбаното.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Општина Зелениково ќе работи и ќе се развива врз основа на уставните и законските основи ,на географските и економски можности и определби за модерна и еколошки напредна средина.

- **За учениците и младите**

Формирање Локален младински совет - за младите да се вклучат во процесот на креирање политики за донесување одлуки.

За млади брачни парови преку Општината ќе доделиме бесплатни градежни парцели ослободени од комуналии, каде што ќе можат да си изградат свој дом, како и субвенции од 500 евра за секое новороденче. Буџет за млади, каде што Општината ќе издвои 1 % за Законот за младинско учество и младински политики. Бесплатна обука и образование за деца и млади за странски јазици и информатички вештини, како и поддршка за млади таленти од областа на културата, уметноста, музиката, спортот и други области и поддршка во организирањето спортски, културни и други манифестации во насока на промовирањето на општината.

За учениците, субвенции за електронски уреди од основното и средното образование што се жители на Општина Зелениково.





## Животна средина и комунални дејности

Да изградиме урбана општина со современа инфраструктура, чиста животна средина, образовно и културно развиена и со еднакви можности за сите. Ќе вложуваме во реконструкција на патишта, ќе градиме нови патишта, водоводни и канализациски системи, подобро осветлување и уредување на јавните простори. Ќе отвориме повеќе можности за младите, училишта со современи услови, спортски игралишта и културни центри.

Особено внимание ќе обрнеме на еколошките прашања, ќе воведеме систем за селекција на отпадот и редовно одржување на јавните површини, озеленување, поставување урбана опрема. Ќе промовираме еколошки програми и волонтерски акции за подигање на свеста за одржлив живот со повисоко ниво на комунален ред и комунални услуги, расчистување на дивите депонии и утврдување одговорност за нивно создавање, обезбедување соодветна комунална опрема за селектирање отпад, воведување нови услуги, како што е подигнување кабаст и инертен отпад. Ќе користиме успешни примери на зелени општини од регионот и пошироко во користењето обновливи извори на енергија и заштита на животната средина.

Канта за ѓубре за сите граѓани, контејнер за секое правно лице. Намалување на ѓубретарината од 350 ден на 250 денари за физички лица и ослободување од такса за приклучок на водоводна мрежа за корисниците на објекти од с. Градовци.

Редовно зимско и летно одржување на локалните улици и патишта, со кастрење гранки, косење трева покрај патиштата, како и зимско чистење од снег, наноси од снег, посипување со сол и ризла за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на целата патна мрежа на Општина Зелениково.

Поставување соларни панели на ОУ „Марко Цепенков" и зградата на Општина Зелениково.

- **Социјална еднаквост и социјална заштита**

Општината посветено ќе работи на еднаков пристап до услуги за сите граѓани и заштита на маргинализираните групи, како и непречено остварување на нивните права. За семејства од социјален ризик, општината ќе овозможи ослободување од комунални такси за ранливите групи граѓани и дополнителна финансиска поддршка и нивно вклучување во општеството преку разни формални и неформални ангажмани и ќе работи на еднаквост по сите основи и за сите граѓани.





Ќе организираме јавни консултации, форуми на граѓани и советодавни групи за млади, жени и пензионери. Општината ќе биде референтно место и сервис за брза, ефикасна, отчетна и достапна услуга кон сите граѓани и Општина Зелениково да стане место со високи квалитети и стандарди на живеење за сите подеднакво.

- **Локален економски развој**

За локален економски развој имаме можности за отворање на земјоделски, прехранбени, занаетчиски и други дејности за заинтересирани компании и поединци. Земјоделците и локалните бизниси ќе добијат реална поддршка, затоа што и тие се двигателот на нашата економија.

Близината со главниот град на државата овозможува развој на туризам, изградба на етносело Градовци, како и изградба на плоштад „Јустинијан Први" во с. Таор, како и парк Бадеријана, и многу други културни и историски проекти. Општината ќе го адаптира постојниот објект за Културен дом на Општина Зелениково. Планините и реките, исто така, нудат неискористен потенцијал и одлични услови за развој на ловен и риболовен туризам.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на регионален пат од Општина Зелениково до Општина Велес

Регионално поврзување на Скопскиот Регион со Вардарскиот, од Зелениково до Велес преку селата Страхојадица, Карабуниште до Велес, пат што ќе овозможи локален развој на ова подрачје, кое во моментот е рурално, раселено и слепо црево за двете општини.

**Влијание на проектот:**

Развојни цели за неколку села во двете општини, намалување на миграцијата село - град.

**Целна група:**

Населението од двата региона, Скопски и Вардарски.

**Рок на реализација**

Во зависност од буџетот, од 2 до 4 години

**Буџет**

Целосна проектна документација со изградба на регионалниот пат 150.000.000 денари

## ▪ Изработка на физибилити-студија за мала акумулација на реката Кадина кај Гумалево за водоснабдување и наводнување на Општина Зелениково

Идејата е стара уште од времето на бивша Југославија со што е замислено да се направи акумулација на реката Кадина за снабдување со пивка вода за пиење и за наводнување на Општина Зелениково, па и пошироко.

**Влијание на проектот:**

Регионален економски развој, развој на селата и населените места како и локален економски развој на Општина Зелениково.

**Целна група:**

Населението на Скопскиот Регион

**Рок на реализација**

2026 година

**Буџет**

6.000.000 денари

## Изградба на локален пат Пакошево - Таор преку локацијата за голф-терени

Овој локален пат ќе овозможи сообраќајно поврзување на две поголеми села Таор со Пакошево, како за возила, земјоделска механизација, велосипедисти и пешаци.

Воедно со овој пат сообраќајно ќе се поврзе и урбанизираната локација за голф-терени со другите сообраќајници.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект конечно ќе се надмине проблемот за изнаоѓање стратегиски инвеститор за голф-терените, а воедно и за локален економски развој на општината.

**Целна група:**

Непосредно жителите на овие села, но значително голем придонес и за цела општина, пошироко и за регионот.

**Рок на реализација**

2027 година

**Буџет**

70.000.000 денари

# ПРОЕКТИ

## Изградба на локален пат Смесница - Гумалево

Со изградбата на овој пат сообраќајно ќе се поврзат овие две села, со што ќе се овозможи побезбедно движење на возила и други учесници што гравитираат кон овој дел од општината.

### Влијание на проектот:

Изградбата на овој пат многу позитивно ќе влијае врз развојот на овој дел од општината како економски, така и за развој на туризмот, спортот и рекреација.

### Целна група:

Населението од Општина Зелениково и Скопскиот Регион.

### Рок на реализација

2028 година

### Буџет

60.000.270 денари

## Изградба на канализациска мрежа во викенд-населбата Орешани

Овој проект треба да овозможи приклучок на фекалните и отпадните води во канализациска мрежа на постојните куќи во населба Орешани, како и да овозможи развојни цели и за нови куќи и приклучоци.

### Влијание на проектот:

Големо влијание врз зачувување на човековата животна средина, како и за подигнување на животниот стандард на корисниците на објекти од овој дел на Општина Зелениково.

### Целна група:

Жители на населба Орешани, како и викенд-корисници.

### Рок на реализација

2028 година

### Буџет

3.000.000 денари

## Чиста и здрава вода за пиење за Градовци

Со овој проект се планира да се изгради водоводна мрежа за с. Градовци со приклучок на постојниот градски водовод.

### Влијание на проектот:

Ефектот од изградбата на овој водовод е редовно снабдување со чиста и здрава вода за пиење и домашни потреби за жителите на село Градовци.

### Целна група:

Постојните жители на селото како и потенцијални повратници кој имаат интерес да се населуваат на овој дел од Општината.

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

2.100.000 денари

## Ревитализација на село Градовци

Отворање постапка за урбанистичко планирање на с. Градовци како ЕТНОСЕЛО со детален урбанистички план развиен со маркички и можност за ревитализација на постојните стари куќи во ново соодветно автохтоно изградени куќи што би придонеле за развој на туризмот и рурален развој на ова село и околината пошироко.

### Влијание на проектот:

Урбанистичко планската документација ќе овозможи непречена градба и ревитализација на селото со што ќе се намали миграцијата село - град и позитивно ќе влијае врз локалниот економски развој.

### Целна група:

Директна за с. Градовци, а индиректно за цел Скопски Регион.

**Рок на реализација** 2026 година

**Буџет** 1.000.000 денари

## Изградба на спортско-рекреативен парк во село Зелениково

Со овој проект е планирано директно да се поддржат децата, младите и возрасните, со што ќе се изгради повеќенаменски спортски комплекс каде што ќе можат сите целни групи соодветно да го користат своето слободно време во спорт и рекреација.

Комплексот е планирано да има и урбан дел покриен со патеки и тревници, урбана опрема и други забавни содржини за најмладите.

### Влијание на проектот:

Овој проект е наменет за развивање и растење на здрави деца и млади, поддршка на фудбалскиот клуб „Зелениково" во креирање и наоѓање млади спортски фудбалски таленти.

Овие терени ќе се користат за организирање на традиционални спортски фудбалски и други натпревари што ги планира Општината во својата програма.

### Целна група:

Директно за населението од Општина Зелениково и индиректно за цел Скопски Регион.

### Рок на реализација

2027 година

### Буџет

7.000.000 денари

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**с. Страхојадица**

- Доградба на нови простории и училници во ПОУ во село Страхојадица
- Изградба на спортско игралиште во училишниот двор во село Страхојадица
- Изградба на локални улици
- Доградба на фекална канализација

**с. Зелениково**

- Доградба на речно корито
- Изградба на пешачки патеки покрај локални улици, хортикултурно уредени до манастирот „Св. Ѓорѓија".
- Изградба на локални улици

**с. Орешани**

- Целосна изградба на канализација за Орешани
- Улично поврзување на Орешани со викенд-населбата
- Изградба на канализација за „Јане Сандански"
- Изградба на улица од место викано Јурија до мостот на реката Вардар
- Изградба на велосипедска и пешачка патека од Орешани до ст. Зелениково, 6 км

**с. Пакошево**

- Изградба на детски забавен парк
- Изградба на спортско повеќенаменско игралиште
- Изградба на локални улици со пешачки патеки
- Изградба на локален пат Пакошево - Таор

**с. Таор**

- Доизградба на плоштад „Јустинијан Први", уредување и одржување.
- Изградба на детски забавен парк, уреден со детски реквизити и урбана опрема.
- Изградба на локален пат Таор - Пакошево

**с. Смесница**

- Изградба на фекална канализација
- Изградба на детски забавен парк
- Изградна на локален пат Смесница - Гумалево
- Изградба на локален пат од село до Кадина Река
- Изградба на спортско игралиште во училиштен двор

**с. Гумалево**

- Изградба на локални улици
- Изградба на локален пат Гумалево - Смесница
- Уредување на излетничко место Карпа, Кадина Река

**с. Ново Село**

- Изградба на локални улици
- Изградба на детски забавен парк
- Уредување на зелени површини

**с. Вражале**

- Изградба на локални улици
- Изградба на водовод
- Изградба на детски забавен парк

**с. Палиград**

- Изградба на локални улици
- Изградба на селска чешма

**с. Добрино**

- Изградба на локални улици
- Тампонирање на локален пат Добрино - Гумалево
- Изградба на мост на Мала Река

**с. Тисовица**

- Изградба на локални улици
- Тампонирање на локален пат Тисовица - Градовци

**с. Дејковец**

- Изградба на локални улици
- Тампонирање на локален пат Дејковец - Гумалево

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА